**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-462/5**

**Скопје, 26.06.2007 година**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ„ СКОПЈЕ**
**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на приходите од хомологација на возила на Универзитет ″Св. Кирил и Методиј″-Скопје , Машински факултет Скопје, за 2006 година, прикажани во Прегледот на страна 3..

2. Ревизијата на приходите од хомологација на возилата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Универзитет ″Св. Кирил и Методиј″–Скопје , Машински факултет Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Приходите од хомологација на возилата од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   – Проф. Д-р Милан Ќосевски, Декан

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за приходите од хомологација на возилата од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 25.04.2007 до 18.05.2006 година.

7. Цел на ревизијата на приходите од хомологација на возилата од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали приходите од хомологација на возилата се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали се вистинито и објективно прикажани во согласност со применетата законска регулатива и
   - утврдување на основаноста за наплата на финансиски средства од барателот на услугата при вршење на постапка за хомологација на возилата.

8. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

9. Ние не извршивме ревизија на останатите позиции на финансиските извештаи на Универзитет„Св Кирил и Методиј„ Скопје, Машински факултет Скопје за 2006 година.

10. Според наше мислење, приходите од хомологација на возилата на Универзитет ″Св. Кирил и Методиј″-Скопје, Машински факултет Скопје за 2006 година се вистинито и објективно прикажани, во согласност со важечката законска регулатива

11. Според наше мислење постои основ за наплата на приходите од хомологација на возилата на Универзитет ″Св. Кирил и Методиј″-Скопје, Машински факултет Скопје кои што согласно законската регулатива претставуваат услуга.

**Скопје, 26.06.2007 година** **Овластен државен ревизор**

## ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИТЕ ОД ХОМОЛОГАЦИЈА НА ВОЗИЛАТА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| | Опис на позицијата | Категорија на возилото | износ |
|---|---|---|---|
| 1 | **ПРИХОДИ ОД ЕДИНЕЧНА ХОМОЛОГАЦИЈА НА ВОЗИЛА** | | **19.799** |
| | Моторцикли, мопеди , моторни трицикли и приклучни возила со маса до 750кг | Л1, Л2, Л3, Л4, Л5, О1 | 791 |
| | Патнички и лесно товарни комбинирани возила и приклучни возила со маса од 750-3500 кг | М1, Н1, О2 | 7.217 |
| | Автобуси, камиони, влекачи | М2, М3, Н2, Н3 | 9.184 |
| | Приклучни возила со маса над 3500 кг | О3, О4 | 2.607 |
| 2 | **ПРИХОДИ ОД ТИПСКА ХОМОЛОГАЦИЈА НА ВОЗИЛА** | | **7.376** |
| 2,1 | **Хомологација на основната варијанта/верзија(изведба) на типот возило и хомологација на дополнителни варијанти за возила кои имаат хомологација за комплетно возило ( WVTA)** | | 6.545 |
| | Патнички и лесни товарни возила и приклучни возила со маса над 3500 кг | М1, Н1 ,О3, О4 | 3.483 |
| | Мотоцикли и мопеди , моторни трицикли и приклучни возила со маса до 750 кг | Л1, Л2, Л3, Л4, Л5,О1 | 3.062 |
| 2,2 | **Хомологација на основната варијанта/верзија(изведба) на типот возило и хомологација на дополнителни варијанти за возила кои немаат хомологација за комплетно возило ( WVTA)** | | 831 |
| | Патнички и лесни товарни возила и приклучни возила со маса над 3500 кг | М1, Н1 ,О3, О4 | 758 |
| | Мотоцикли и мопеди и приклучни возила со маса до 750 кг | Л1, Л2, Л3, Л4, Л5, О1 | 73 |
| | **ВКУПНО** | | **27.175** |